**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**09/6-15/4**
**Датум:27.03.2024 година**
**Штип**
**Врска: Број: 09-122/3**

# ООУ„Раде Кратовче“ - Кочани

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена Интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација** | 19 - 21 Декември 2023 година |
| **Број на извештај** | 10/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим** | Дејан Доневски |
| **Вид на училиштето** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето** | Општина Кочани |
| **Наставен јазик** | Македонски јазик |
| **Број на ученици** | 430 |
| **Полова структура на ученици** | 218-машки,212-женски |
| **Број на наставници** | 44 |
| **Претседател на училишниот одбор** | Зоран Стоилков |
| **Директор на училиштето** | Глигорчо Гацовски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација** | 19-21 декември 2023 |
| **Адреса на училиштето** | ул.„Борис Трајковски“ бр. 42 Кочани |
| **Телефон** | 033-274-037 |
| **Факс** | 033-274-032 |
| **e-mail** | radekratovce@gmail.com |
| **Оценка од Интегрална евалуација** | 2.58 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 , 41/2014 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, во период од 19 - 21 Декември 2023 година, тим од тројца Државни просветни инспектори, спроведе Интегрална евалуација во работата на ООУ„Раде Кратовче“- Кочани.

За време на интегралната евалуација, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишен одбор, Совет на родители и Ученичкиот парламент. Беа посетени наставни часови кај 32 наставници вработени во училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани, **добро - 2,58[1].**

Училиштето ги реализира наставните планови и програми, предложени од Биро за развој на образование, а донесени од Министерството за образование и наука.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Поради немање на спортската сала, наставната програма по физичко и здравствено образование не се реализира во целост. Има прилагодена просторија за одржување на настава во лоши временски услови, опремена со основни спортски реквизити. Во училиштето има отворен спортски терен за мал фудбал, кошарка, ракомет кој е потребно да се реновира. Одделенските раководители на почетокот на учебната година одржуваат родителски средби на кои ги запознаваат родителите со наставниот план и програми според кои се изведува наставата. Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите на почетокот на учебната година. Постапката за изборни предмети не се спроведува во целост. На учениците во осмо и деветто одделение не им се нудат изборни предмети преку анкета. Учениците го изучуваат предметот, кој е потребен за дополнување на фондот на часови на одреден наставник до полно работно време.

Со Годишните програми за работа на училиштето се планираат воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Учениците се вклучуваат во изборот на воннаставните активности според своите афинитети, но интересот од страна на послабите ученици и учениците од ромска етничка припадност е многу мал.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по учебни години. Педагошката служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи и споредбени анализи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност и одделенија. Оперативните планови за наставен час, кај поголем број наставници ги содржат потребните елементи за успешна организација и реализација, како што се цели, форми, методи, активности, наставни средства, методи на оценување и очекувани исходи. Училиштето има податоци за бројот на ученици кои што треба да ги опфати. Учениците кои што не се опфатени со задолжително основно

образование најчесто се од ромска етничка припадност, ученици кои што со родителите заминале во странство и ученици кои не живеат на дадените адреси според списокот од Министерство за внатрешни работи. Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директор, педагог и психолог. Стручните соработници имаат изготвено инструмент за следење на квалитетот на тематско-процесни планирања со јасни критериуми за квалитет и инструмент за следење на оперативни планирања, а наодите од следењето ги споделуваат индивидуално со наставниците. Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на директорот, педагог и психолог. Најмалку еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. Се следи реализацијата на додатна и дополнителна настава, која во предметна настава не се реализира во целост од страна на поголем број наставници. Примената на ИКТ во наставата делумно задоволува. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. Поголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки од Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Пристапот во училиштето не е прилагоден на потребите на лица со телесни пречки во развојот, не е изградена пристапна рампа на влезот во училиштето. 3 наставници од училиштето имаат посетувано обука за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи. Хигиената во училишните простории, ходниците и тоалетите за учениците делумно задоволува.

Училиштето има Правилник за заштита од пожари и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи (бр.03-612/1 од 23.12.2014 година), Мислење бр. 09-5/2 од 21.01.2015 година, издадено од Дирекцијата за заштита и спасување. Училиштето склучило договор за осигурување на учениците, вработените, училишната зграда со осигурителна компанија ГРАВЕ. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, биле вклучени Советот на родители.

Во училиштето не се организира исхрана за учениците, и не постои интерес за обезбедување на истата. Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има пропишана процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Се организираат хуманитарни акции за собирање на парични средства и облека, кои им се доделуваат на учениците. Пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД).

Во учебната 2023/2024 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 29.08.2023 година. Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), но и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство, ХИВ/СИДА, итн. Дисциплината на учениците во училиштето, а особено отсуствата на учениците е страна

која треба да се подобрува, поради големиот број на ученици кои нередовно посетуваат настава или го прекинуваат своето образование. Бројот на изречените педагошки мерки е мал, во споредба со големиот број на неоправдани отсуства на учениците, што укажува на нецелосна примена на Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците. Училишниот одбор е конституиран во согласност со одредбите од новиот Закон за основно образование, а избраните и именуваните претставници од редот на наставниците, Локалната самоуправа, Совет на родители и Министерството за образование и наука се со легитимни мандати.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 18.06.2020 година, заведен со арх.бр.01-238/1. Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр.01-673/1 од 20.11.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето од 15.08.2022 година заведена со дел.бр.01-409/1.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-415/1.од 15.08.2023 година,и истата е усвоена со одлука на СО-Кочани со одлука бр.09-1577/1 од 31.08.2023 година.

## Карактеристики на училиштето

Основното училиште,,Раде Кратовче” е најстарото училиште во општина Кочани, изградено во период од 1936-1939 година. Доградбата на училиштето е направена во 1963 година. Училишните згради се со вкупна површина од 2049м$^{2.}$

Училиштето се наоѓа во централниот дел на градот, во непосредна близина на зградата на општина Кочани. Училиштето од 1939 година работи под името „Доситеј Обрадовиќ", а по ослободувањето го добива името на македонскиот народен херој Раде Кратовче. Од 18 декември 1944 година, училиштето работи како Прогимназија, а од учебната 1945/1946 година до учебната 1954/1955 година работи како Гимназија.

Од учебната 1955/1956 година до денес работи како основно училиште.

Училишниот двор во централното училиште е ограден со метална ограда со три влеза, со вкупна дворна површина од 1476 м$^2$. Училиштето располага со адаптирана просторија за фискултурна сала со површина од 92 м$^2$.

Училиштето располага со спортски терен, сместен во училишниот двор, на површина од 1400 м$^{2.}$ Во централното училиште настава посетуваат ..... ученици од I одд. до IX одд., распоредени во ..... паралелки. Наставата се реализира во две смени.

Наставниот процес во училиштето го реализираат ... наставници од кои ... наставник на неопределено равотно време со полно работно време, еден наставник на неопределено работно време со неполн фонд и четири наставници на определено работно време од кои двајца со неполн фонд на наставни часови. Во состав на ова училиште пработи едно подрачно деветгодишно училиште во с.Нивичани. Училишната зграда во с.Нивичани изградена во 1934 година, во 2009 година целосно реконструирана со површина од 160 м$^2$, располага со 6 учлници, канцеларии за: наставници, техничкиот кадар. Училишниот двор е со површина од 6 690 м$^2$, во него има спортски терен. Во ова училиште од I до IX одд. се образуваат 15 ученици, распоредени во три комбинирани паралелки од 1, 2 и 3 одделение,4 и 5 одделение и 6 и 7 одделение. Наставата во

ОУ,,Раде Кратовче” Кочани се изведува на македонски наставен јазик. Училишната библиотека располага со 688 наслови или вкупно 7886 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд., слободна литература, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.). Училиштето има Решение за верификација број 13-6483/1 од 20.12.1985 година издадено од страна на Министерството за образование и наука.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно - образовната работа во ООУ„Раде Кратовче“ – Кочани, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образованиеи за учениците од I до VI одделение, согласно новата Концепцијата за основно образовани

По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, наставата се реализира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre).

Наставниците кои реализираат настава ссогласно новата Концепција за основно образование, имаат посетено обука за реализација на наставата, организирана од страна на Бирото за развој на образованието. Наставната програма по физичко и здравствено образование од I до V одделение, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование. Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата и со Годишната програма за работа на училиштето, преку брошура за родители оја се досавува на почетокот на учебната година , на родителска средба..

Во училиштето се реализираат и програма - Образование за животни вештини.. Од VII до IX одделение се планираат и реализираат содржини – работилници на часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители**.** Од I до VI одделение, содржини од програмата Образование за животни вештини се планираат и реализираат во склоп на други активности, како еднократни работилници. Во IV одделение, Образование за животни вештини на учениците им е понудено како слободеn изборen предмети, во категорија на изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на ученикот и истиот по избор на учениците ќе се изучува во IV одделение во второто поугодие од учебната 2023/24 година. Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за реализација на активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“,.Формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности. Училиштето иема партнер училиште, ООУ„Емин Дураку“ – с.Буковиќ, општина Сарај од Скопје, со кои во последните три учебни години не се реализирани заеднички активности. Училиштето е вклучено во Програмата ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем". Училиштето има изготвен План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост на поголем број од точките на акции од воспоставените

еко-стандарди. Најголем број од планирањата на наставниците содржат еколошки содржини**.** Во рамките на програмата, ученици од училиштето учествувале во проекти организирани во рамките на општината и тоа: во учебната 2021/22 година, во проект „Намалување на отпадна пластика на територија на општина Кочани преку воспоставување на систем за производство на еко плочки за надворешно уредување од отпадна ПЕТ пластика“; во учебната 2022/23 година, ученици земале учество во одбележување на светскиот ден на чистотата под мотото „За здраво детство, здрави генерации – одговорноста е наша“, учество во едукативна работилница „Учиме за собирање и рециклирање на отпадно масло за јадење“ и национална акција за чистење и селектирање на отпад – „Генералка викенд 2023 “ и од почетокот на учебната 2023/24 година, ученици учествувале во манифестација поповод „Денови на медот 2023“ под мотото „Заштита на животната средина“ и проек „Грижа за биодиверзитетот на осоговските планини“.

Во училиштето се идентификувани пет ученици со потешкотии во учењето, Со двајца ученици се работи според Индивидуални образовни планови изработени од страна на Инклузивните тимови за ученици,. Со тројца ученици со потешкотии се работи со диференциран пристап. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети. Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план, го избираат учениците во согласност со нивните родители. Согласно наставните планови се спроведува и постапката за избор на слободни изборни предмети за учениците од IV, V и VI одделение, преку анкетирање, согласно новата концепција за основно образование.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата, во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај одреден број од наставниците. Имплементирањето на вака планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината.

### 1.3. Воннаставни активности

Со Годишните програми за работа на училиштето се планираат воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и влијаат врз нивниот личен и социјален развој.

Учениците се вклучуваат во изборот на воннаставните активности според своите афинитети, но интересот од страна на послабите ученици и учениците од ромска етничка припадност е многу мал. Во училиштето се реализираат слободни ученички активности, со одговорни наставници кои имаат изготвено програми за работа на секцијата, . Учениците членуваат во драмска, литературна и рецитаторска секција, ликовна секција, техничко образование – сообраќајна секција и ахглиски јазик – англиски клуб.Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво, организирани од страна на акредитирани здруженија на наставници. Училиштето со Годишната програма за работа ги планира реализацијата на ученичките екскурзии како една од формите на вонаставна активност. Во последните три учебни години, поради пандемијата со Ковид 19, реализирани се ученички екскурзии само во учебната 2022/23

година, со учениците од III, VI и IX одделение и настава во природа со учениците од петто одделение. Планирањето и подготовката на истите се врши според Правилникот за организирање на екскурзии.

Училиштето имало регистрирано училишен спортски клуб „ТРКАЛО“ , за кој е покрената постапка за бришење и со Решение дел.број 30920210000122 од 10.05.2021 година е запишано бришење то во надлежниот регистар.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Стручната служба во училиштето изготвува детални извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, наставни предмети, етничка припадност и одделенија, за сите квалификациони периоди.

Успехот на учениците согласно изготвените изештаи на крајот од првото полугодие од учебната 2020/2021 година изнесува 3,29, во учебната 2021/2022 година.

Средниот успех на учениците на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува 3,52 во учебната 2020/2021 година, 3,87 во учебната 2021/2022 година и на крајот од учебната 2022/2023 година, средниот успех изнесува 4,02.

Училиштето ги следи и постигањата на учениците по етничка припадност. Од извршените анализи, најслаб успех имаат учениците од ромска етничка припадност, а истото се должи на нередовно посетување на настава од страна на учениците.

Постигањата на учениците, при премин од одделенска во предметна настава, во последните три учебни години не се следат од страна на училиштето. Се следат само постигањата на учениците при премин од основно во средно образование. Согласно анализите на училишниот педагог, најголем број учениците при премин во средно образование, го задржале истиот успех.

За учениците кои постигнуваат слаби резултати и за учениците кои постигнуваат одличен успех, училиштето изготвува распоред за дополнителна и додатна настава на годишно ниво, но не на месечна основа.

Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, најчесто по проценка на наставникот и по барање на мал број од учениците. Во предметна настава, часовите по дополнителна настава, не се реализираат во целост од страна на сите наставници.

Часовите за додатна настава, најчесто се реализираат со учениците кои се подготвуваат за учество на натпревари, за учество на конкурси и работилници организирани на општинско ниво..

Од страна на наставниците за реализираните часови се пополнуваат формуларите за Педагошка евиденција за дополнителна и додатна настава.,

Со учениците од II, IV и V одделение, дополнителна и додатна настава се планира во образец за неделно планирање и се реализираат во склоп на други активности.

Кога кај учениците ќе се евидентира намалување на успехот или поголем број на отсуства од настава, се известува стручната служба во училиштето - психологот, за спроведување на постапка за советување на родители. Во последните три учебни години, реализирани се советувања само по основ на намален успег на учениците.

Во учебната 2020/2021 година е извршено советување на 50 родител по основ на намален успех и 110 родители по основ на нередовна посета на настава, во учебната 2021/2022 година е извршено советување на 39 родител по основ на намален успех и 103 родители по основ на нередовна посета на настава и во учебната 2022/2023 година, извршено е советување на 42 родители по основ на намален успех и 81 родители по основ на нередовна посета на настава. Психологот на училиштето води евиденција за

советување на родителите. За учениците кои неоправдано не посетувале настава повеќе од еден месец, училиштето доставува известување до Државниот просветен инспекторат.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците,учествувале наконкурси и натпревари кои биле организирани на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години учениците учествувале на натпревари по природни науки, физика, биологија, математика, хемија, англиски јазик, географија, на кои се стекнале со освоени први, втори или трети награди или биле пофалени за учество. Во периодот на Ковид пандемијата, најголем број од натпреварите биле реализирани онлајн.

На крајот на учебната година, училиштето доделува диплома на еден ученик за првенец на генерација, а на двајца ученици се доделуваат дипломи за постигнати натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности.. Учениците се наградуваат со награда обезбедена од училиштето.

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон. Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи, преку општината.

Училиштето има изградено систем и презема активности да ги опфати децата - училишни обврзници.

Од страна на училиштето - стручните соработници, се упатуваат покани до родителите, со која се поделува и брошура - Добредојдовте во училиште, со информации и упатства за родителите на учениците.

Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот.

Учениците кои што не се опфатени со задолжително основно образование најчесто се од ромска етничка припадност, ученици кои што со родителите заминале во странство и ученици кои не живеат на дадените адреси според списокот од Министерство за внатрешни работи.

Во училиштето постои тенденција на намалување на бројот на запишани ученици, а се соочуваат со примери на непочитување на реонизацијата и запишување во друго училиште од општината.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година поради иселување или премин во друго училиште. Во учебната 2021/2022 година испишани се вкупно 33 ученици,, во учебната 2022/2023 година, испишани се 35 ученици и од почетокот на учебната 2023/24 година испишани се 7 ученици, а како причина за напуштањето на училиштето се наведува иселувањето на семејствата._Училиштето за учениците кои заминуваат во странство, нема податоци дали истите го продолжуваат своето образование.

Евидентирана е и појава на запишување на ученици во училиштето. Во учебната 2021/22 година, запишани се вкупно 2 ученици, во учебната 2022/23 година, запишани се вкупно 4 ученици и од почетокот на учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 2 ученици. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се спроведува со издавање на преведница..

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, Просечниот број на изостаноци на ниво на училиште за учебната 2020/2021 година, изнесува 89,8 од кои 51,8 оправдани изостаноци по ученик и 39,9 неоправдани изостаноци по ученик, во учебната 2021/2022 година - 72,3 изостаноци од кои 48,2 се оправдани изостаноци по ученик и

23,4 неоправдани изостаноци по ученик и во учебната 2022/23 година, вкупно 70,9 изостаноци од кои 45,2 оправдани изостаноци по ученик и 25,8 неоправдани изостаноци по ученик.

Во однос на оценување по поведението на учениците, после изречените педагошки мерки, во учебна 2020/21 година, поведението е намалено на 149 ученици, во учебната 2021/22/21 година, 102 ученици, во учебната 2022/23 година – 89 ученици и од почетокот на учебната 2023/24 година на 43 ученици.

### 2.3. Повторување на учениците

Учениците и родителите се запознаени со правото да поднесат жалба и приговор до Наставнички совет, доколку се незадоволни од оценките по одредени предмети, согласно Законот за основно образование.

Во учебната 2020/2021 година, - повторувале 11 ученици, во учебната 2021/2022година - 16 ученици и во учебната 2022/23 година – 17 ученици.

## УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1.Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот и психологот во нивните годишни програми за работа. Наставниците во предметна настава изготвуваат годишни, тематски планирања и оперативни планови за час (дневни подготовки). За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат наставни планирања од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, кои се адаптираат од страна на наставниците. Согласно Концепцијата за основно образование, наставниците од I до VI одделение, изготвуваат тематски планирања, неделни планирања и сценарија за наставен час. На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат планирањата кај педагогот и психологот, кои врз основа на образец со јасни критериуми, вршат следење на квалитетот на планирањата и даваат повратна информација. Врз основа на образецот за следење на планирањата на

наставниците, утврдено е дека кај најголемиот дел од наставниците, доставените планирања ги содржат елементите за организација и реализација на наставата, со одредени забелешки во насока на дополнување на планирањата во однос на интегрирање на МИО  и ЕКО содржини и забелешки во насока на потребата од доставување на програма за училишните секции. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на одделенските часови од VII до IX одделение. Училиштето им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа од посета на наставните часови. Училиштето има формирано Училишен инклузивен  тим, кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка во изработката на ИОП за секој ученик со посебни образовни потреби. Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план, со одредени забелешки во однос на наставните часови по предметот историја и општество .Неделниот фонд на наставните часови по географија и историја  во распоредот е застапен со по 3 наставни часови на неделна основа, поради што фондот на наставни часови не соодејствува со предвидениот фонд на часови согласно наставниот план.

### 3.2.Наставен процес

Поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми, методи и техники во наставата. Наставниците работат со учениците индивидуално,  во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користатне се секогаш соодветно избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат 3 интерактивни табли, ТВ поврзани со персонални компјутери во секоја училница. Континуирано се врши и набавка на наставни и нагледни средства во училиштето. При задавање на домашната задача, од VII до IX поголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование. Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите, кај најголем број наставници. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло и етничка припадност. Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес. Во наставниот процес, во работата со учениците со посебни

образовни потреби се вклучува и училишниот дефектолог, а за тројца ученици се определени и образовни асистенти. Училишниот дефектолог работи индивидуално со учениците и води досие за секој ученик.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Постои голема незаинтересираност од страна на учениците од ромска етничка припадност, кое се манифестира преку нередовна посета на настава, намален успех. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и училиштето, и истите редовно се менуваат.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. Учениците сметаат деке не секој пат имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, има изготвено програма за работа, Изберени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор, но истите не се повикуваат на седниците на УО.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници препознавањето на образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците не го вршат систематски, притоа се преземаат мал број активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките. Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручната служба и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите. За задоволување на потребите на учениците, училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учество на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината. Поголем дел од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Оценувањето е јавно и транспарентно. Постигнувањата на учениците со пречки во развојот е во согласност со целите во ИОП. Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се организираа родителски средби и индивидуални средби со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

## 4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училишните згради во ЦУ во Кочани и во ПУ-е во с.Нивичани е релативно добра и безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците.

Наставата се изведува во пространи, но во дел застарени и недоволно осветлени училници.

Пристапот во училишната зград во ЦУ не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, не е поставена е пристапна рампа.

3 вработени од училиштето се обучени за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи.

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди заведено дел.бр.03-612/1 од 23.12.2014 година и има добиено позитивно мислење од Дирекција за заштита и спасување заведено со дел.бр.09-5/2 од 21.01.2015 година .

Во училиштето е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода на сите спратови во училиштето е поставена шема за евакуација. Вежба за напуштање (евакуација) на училишната зграда на ученици и вработени при симулација на пожар е извршена на 19.09.2018

Училишната зграда во ЦУ е обезбедена со 4 камери за видео надзор (внатрешен и надворешен .. камери). За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците.

Во централното училиште нема поставени нема хидранти а има 9 противпожарни апарати, во ЦУ и 1 противпожарен апарат во ПУ-с.Нивичани

Последно сервисирање е извршено на 29.11.2923 година од страна на овластен сервисер ДООЕЛ„ Дикос“ –Кочани.

За ракување со противпожарните апарати и хидранти овластени се .... лица од и ..

Училиштето има поставено и громобранска инсталација, на која редовно се врши контрола на мерење на отпор на громобранско заземјување, од страна на стручни лица.

Училиштето склучило договор за осигурување на учениците и вработените со осигурителната компанија.- GRAWE со бр.на полиса-MK9000300 (за осигурување на ученици) и со бр.на полиса-MK9000199 (за осигурување на вработени) При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, биле вклучени Советот на родители.

Зградата на централното училиште и во подрачното училиште се осигурани исто така преку осигурителна компанија GRAWE со осигурителна полиса број.-MK1000776

Во централното училиштето,како и во подрачното нема организирана исхрана за учениците.Училиштето нема увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Се врши редовна контрола на здравствена безбедност на храната и водата од страна на Центар за јавно здравје Кочани, за што до училиштето се доставуваат извештаи од тестирањето.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците заведено со дел.бр.02-585/3 од 15.11.2013 за наставниците со дел.бр. 02-585/3 од 15.11.2013 и кодекс за однесување на родителите со дел.бр. 02-585/3 од 15.11.2013 година.

Од училишниот психолог со учениците се организирани следните работилници:

1.Јас сум...и сакам/можам-со учениците од 8 одделение спроведена во октомври 2022 година;

2.Светски ден на ментално здравје-со ученици од 5 одделение одржана во октомври 2023;

Од страна на училишниот педагог со учениците се организирани следните работилници:

1.Одбележување на светскиот ден на учителот-со ученици од одделенска и предметна настава –октомври 2023

2.Светски ден на дететто -20 Ноември-со Ученичкиот парламент спроведена во ноември 2023 година.

3.Како да го препознаеме врсничкото насилство-ученици од 6 одделение – Ноември 2023 година.

4.Одбележување на 1 (Светски ден за борба против сидата) и 3 Декември (Меѓународен ден на лицата со попреченост).

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти. Училиштето има процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици,преку Младинскиот клуб на училиштето и Училишниот клуб на Црвен крст на училиштето, но во училиштето се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и во соработка со Црвен крст – Кочани и Локалната самоуправа.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории и ходниците и тоалетите е делумно добра. Во централното и подрачното училиште, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.Во учебната 2023/2024 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 29.08.2023 година. Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи ,но оваа учебна година до денот на Интегралната евалуација се уште не се започнати.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените. Последниот систематски преглед на вработените е извршен на 18.08.2023 година, од страна на приватна здравствена установа„ПЗУ Др.А.Николов“ од Штип кој е спроведе на јавна набавка. Училиштето има договорени процедури за грижа за здравјето на учениците и вработените кои редовно и навремено се спроведуваат во соработка со родителите и здравствените установи.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците. Со учениците од 9 одд одделение, се спроведува Анкета за избор на Средно училиште. Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование. Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование. Во училиштето се идентификувани 5 ученици со посебни потреби и тоа: две во 2 одделение,едно во 3 одделение,едно во 5 одделение и едно во 8 одделение. Образовни асистенти се обезбедени за еден ученик од 2 одделение,за еден од трето и за ученикот од 8 одделение. За надминување на состојбата, од страна на училишниот дефектолог се организираат индивидуални средби со учениците.

### 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката. Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето. Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик. Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година. Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

# 5 Училишна клима

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето делумно ја почитува реонизацијата врз основа на која се запишуваат учениците во училиштата од градот. Има ученици кои се запишуваат во други училишта, но и ученици кои доаѓаат од други училишта од општина Кочани.

Училиштето има добар углед според изјавите на родителите, наставниците и членовите на Училишниот одбор во населеното место и пошироко во општината. Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри, со исклучок на изолирани случајеви. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ја поддржува инклузивноста, го зајакнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот, го негува мултикултурализмот. Раководниот орган, стручната служба и наставниците уживаат почит кај учениците и родителите. Училиштето има Кодекс на однесување на сите структури во училиштето, во кој се дефинирани правилата за однесување (наставници, родители, ученици, технички персонал). Во училиштето е донесен и Куќен ред кој е поставен на видни места во училиштето и правилник за надомест на штета предизвикана врз компјутерската опрема или друг инвентар во училничките простории. Раководството на училиштето, води политика на заемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, што беше потврдено од разговорите со наставниците и учениците. Постои професионална соработка меѓу вработените. Дисциплината и поведението на учениците е делумно задоволува. Постои работна атмосфера за време на наставата. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Дежурството на наставниците за време на одморите се спроведува во целост. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Оваа учебна година изречени се 43 педгошки мерки и тоа: 18 усни опомени, 8 писмени опомени, 6 укори и 11 намалување на поведението, во учебната 2021/2022 година изречени се 102 педгошки мерки и тоа: 30 усни опомени, 28 писмени опомени, 18 укори и 26 намалување на поведението, во учебната 2022/2023 година изречени се 89 педгошки мерки и тоа: 21 усни опомени, 18 писмени опомени, 11 укори и 39 намалување на поведението. Учениците се навремено информирани за работи што се од нивен непосреден интерес. Ученичкиот парамет има активна улога во училиштето. Ученичкиот парамет изготвена програма за работа и извештаи од состаноци и реализирани активности и тоа: отворен ден на граѓанско образование - садење на цвеќиња и разубавување на училиштето, учество во работилница за изработка на новогодишни ракотворби кои се продаваа на Новогодишниот базар, од чија продажба се опреми училницата на младинскиот клуб, работилница во пресрет на 3 декември-Меѓународен ден на лицата со попреченост, одбележување на 1 декември-Светски ден на борба против сида. Работилници и предавања реализирани од педагошко - психолошката служба и тоа: врсничко насилство, насилство, пушењето е штетна навика која доведува до зависност и „Јас можам“.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето ги вреднува и промовира постигањата на учениците. Во училиштето се организираат културно-уметнички програми при прослава на патрониот празник (23 март) и на крајот на учебната година. Училиштето врз основа на Правилник за видовите пофалби и награди на учениците, избира првенец на генерација. Поединечните или екипни успеси на натпревари и конкурси се афирмираат на фејсбук страната на училиштето, паноа со пофалби и награди во училиштето, на веб страна на локалната самоуправа и на локална и регионални медиуми. Се организираат и интерни новогодишни и осмомартовски конкурси на ликовни и литературни творби. За најуспешните училиштето обезбедува награди (книги, училишен прибор, дипломи итн). Се учествува на конкурси по повод разни јубилеи и значајни датуми во општината, со свои прилози во јавните медиуми. Како дополнителна стимулација, со одлука на Совет на општината се распишува конкус за доделување на парични средства, за учениците кои освојуваат места на државни и меѓународни натпревари и за првенец на генерацијата. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, национална припадност и социјалниот статус на родителите. Училиштето преку разни форми ги запознава учениците со нивните права. Учениците имаат забелешка на односот на мал број на наставниците кон нив. Има мал број примери на нетранспарентност при оценувањето или вреднувањето на постигањата на учениците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности, кои се застапени во сите пишани документи на училиштето. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето има соработна со ОУ „Емин Дураку“ с. Буковиќ, Општина Сарај, Скопје во проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) .

### 5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и со деловната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните нивоа на одлучување (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Задолжително се одржуваат по три родителски средби во прво полугодие и во второ полугодие. На родителските средби присуствуваат најголем број од родителите. Комуникацијата на училиштето со родителите се остварува и преку индивидуални родителски средби. Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се

организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родителите. Училиштето соработува со локалната самоуправа. Учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Соработката на училиштето со локалната и деловната заедница е директно, со вклучени членови во Училишен одбор и Совет на родители, кои доѓаат од приватни фирми или други институции и се запознаваат со потребите и условите за работа во училиштето. На состаноците со членовите на овие органи беа изнесени и конкретни примери на соработка и разрешување на проблеми, особено во насока на поддршка на училиштето во санирање и реновирање на постојните училишни објекти и спортски терени, изградба на салата, оганизирање на училишен хуманитарен -Базра , избор на компанија за осигурување на учениците, сликање на учениците, избор на агенција за релизација на ученичките екскурзии и други материјални потреби на училиштето, ревизија на реонизација во општината за упис на ученици и др.

Училиштето соработува со институциите на локалната заедница: Центар за јавно здравје, Министерство за внатрешни работи, Центар за социјални работи, Црвен крст, Агенција за вработување, училишта и универзитети од општината и државата, Невладини организации и здруженија и со ОУРЦ „Св. Климент Охридски“ Ново Село, Струмица.

Партнерскиот однос со деловната заедница е добра. Реализирана е соработка со ледните фирми во општина Кочани: Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ донирани 26 таблети за ученици од социјално ранливи категории, Антура МК Кочани обезбедени 16 наслови на лектири од прво до шесто одделение со вкупно 275 примероци, донирани 9 компјутери од страна на Шпаркасе банка Македонија АД Скопја донирани 9 компјутери кои се наменија за ученици кои немаа услови за он-лајн настава, донација на 9 телевизори од општествено-одговорна компанија, уредување на училишната библиотека од страна на Флекс кредит и во рамки на проектот „Инклузија на деца со ПОП“ и бизнис заедницата обезбеди 23 000 денари месец ноември 2023 година.

# 6. Ресурси

## 6.1 . Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба. Училишната зграда во централното училиште се состои од приземје и два кат. Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда во Кочани и во една училишна зграда во подрачното училиште во село Нивичани.

Училишната зграда во Кочани е изградена во 1936 година ( извршена е доградба и реконструкции) со површина од 2 049 м$^2$, располага со: 14 училници, 4 кабинета ( Информатика, Музичко образование, Физика и Природни науки), библиотека, канцеларии за: директор, наставници, психолог, педагог, дефектолог, книговодител и благајник, административно техничкиот кадар, санитарни јазли, котлара и други простории. Училишниот двор во централното училиште е ограден со метална ограда со два влеза со површина од 1 476 м$^2$. Во училишниот двор има и спортски терени од задната страна. Училиштето располага адаптирана просторија за фискултурна сала со површина од 107 м$^{2,}$ со нестандардна висина, која не ги исполнува условите за настава. Хигиената во спортската сала е добра.

Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени. Просториите во централното се загрева со парно греење на нафта, додека во подрачното училиште во селата Нивчани загревањето е со дрва.

Хигиената во училиштето и училишниот двор е добра . Санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици и прописно поделени на машки и женски. Хигиената во санитарните јазли е добра. Училиштето е обезбедено со 10 противпожарни апарати, и истите редовно се сервисираат. Училишните згради, вработените и учениците се осигурани во осигурителната куќа„ Граве“ . ИКТ-технологијата не е осирурана. Во централното училиште потребно е да се изгради фискултурна сала и да се рекострура кровната конструкција. Во централното училиште настава посетуваат 415 ученици од I одд. до IX одд., распоредени во 25 чисти паралелки. Наставата се реализира во две смени. Училишната зграда во с. Нивичани изградена во 1934 година ( 2010 година целосно реконструирана) со површина од 160 м$^2$, располага со 4 училници, канцеларии за: наставници, техничкиот кадар, санитарни јазли, библотека ( со 640 насови на книги) и други простории. Училишниот двор е со површина од 6 690 м$^2$ кој е неуреден, во него има спортски терен. Потребно е да се оспособи една просторија за наставата по Физичко и здравствено образование. Во ова училиште од I до IX одд. се образуваат 15 ученици, распоредени во 3 комбинирана паралелка. Наставата се реализира во една смена. Целосниот амбиент во училиштето во кој се одвива воспитно-образовниот процес е многу добар и делува стимулирачки и мотивирачки како на

учениците така и на вработените. Училиштето максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонваставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2 .Наставни средства и материјали

Училиштето располага со доволен број на стручна литература и наставни средства и помагала согласно Нормативите по сите наставни предмети. Нагледните средства се сместени во помошните простории. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес. Потребите од наставни средства и помагала се утврдуваат на состаноци на стручни активи, наставнички совет и преку анкетни листови. Училиштето располага со следниве наставни средства и помагала: 3-смарт табла,, ЛЦД-проектори, принтери, скенер, графоскопи, касетофони, микроскопи, камера,, спортски реквизити и др. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ опремата. Во училиштето има 16 функционални компјутери распоредени во 2 кабинета , 52 мали лап-топи, 32 таблети за учениците и 17 лап-топи за наставниците. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека располага со 688 наслови или вкупно 7886 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд., слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Последна набавка се лектирни изданија од страна на училиштато. Во библиотеката работат четворица наставници кои дополнуваат до полно работно време, и тоа: двајца со по 2 наставни часови и двајца со 1 наставен час. Библиотекарите имаат изготвено Годишна програма за работа која што е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечната евиденција се води во книга и електронски. Библиотеката е отворена за учениците секој работен ден од 07.30 до 17.30 часот. Распоредот на работното време во бибилотеката не одговара според решениата за распредба на часовите на настаставниците за учебната 2023/2024 година. Наставникот по Географија Благој Давитков го нема на распоредот на работното време во библиотеката иако по решени бр. 04-161/34 од 04.09.2023 година е распореден со 1 наставен час. Библиотеката има и училнички простор – читална, која често се користи за состаноци и активности на Училишниот одбор, Совет на родители и Училишната заедница. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонваставните активности, но набавката не ги задоволува реалните потреби на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 15 наставници во одделенска настава, 29 наставници во предметна настава, или вкупно 44 наставници ( 1-мр, 37-всс, 4-вшс и 2-ссс). Од нив 32 наставник се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 7 наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 5 наставника се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Мал број на наставници

дополнуваа часови во друго училиште и обратно. Во училиштето има 3 несоодветни наставници и тоа по предлетите: 2 – физичко и здравствено образование и физика. Училиштето редовно распишува јавни огласи, но не се јавуваат соодветни наставници. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници, педагог, психолог и дефектолог кои им помагаат на наставниците во организација на наставата и го следат напредокот на учениците. Советодавно работат со учениците и родителите, учествуваат во справување со проблеми на индивидуално и групно ниво. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар, директор, секретар, благајник, книговодител, хаос мајстор-парно грејач и останат технички кадар. Во централното училиште е мал бројот на вработени хигеничари. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи за исполнување на целите на наставата. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставник, училиштето врши брза и соодветна замена.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Од разговорите со наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности, особено во предметна настава. Наставниците од одделенска настава и наставиците од предметна настава кои релизираат настава во шесто одделение,имаат имаат посетено обуки за новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, и има воспоставено систем за дисеминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар и евиденција за извршени дисеминации од страна на наставници кои посетувале обуки. Изборот на наставници кои учеcтуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година. Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор е добро. Училиштето има донесено финансиски план за 2023 година и План за јавни набавки за 2023 година**.** Јавните набавки ги врши овластено, сертифицирано, лице со кој училиштето има склучено договро ( со физичко лице) за реализација на јавните набавки и за нивните услуги се предвидени рамковни средства во планот за јавни набавки. Во врска со јавните

набавки, училиштето има формирано комисија за јавни набавки во комисијата нема членови од Училишниот одбор, како механизам на директно следење и контрола од органот на управување. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ. Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирање од: провизија од двата кафе мати и од закуп земјиште за поставена антена на мобилем оператор во подрачното училиште во село Нивичани.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.

Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата.

# 7.Управување/раководење со училиштето и креирање политика

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител.

Училишниот одбор доволно е вклучен во креирањето политики и доволно се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 18.06.2020 година, заведен со арх.бр.01-238/1 .

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број .01-628/1 од 03.12.2019 година.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници (записничар е секретарот во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-415/1.од 15.08.2023 година,и истата е усвоена со одлука на СО-Кочани со одлука бр.09-1577/1 од 31.08.2023 година.

В.Д Директорот на училиштето е избран со Решение на Градоначалникот на Општина Кочани, со арх.бр.08-119/10 од 20.07.2023 година.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, добро ја организира и следи реализацијата на наставата и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, но не доволно е критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма., Програма за меѓуетничка интеграција, Програма за градиме мостови и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуациа до денес ,направени се и реализирани неколку градежни активности,реконструкци, доградби,компјутерска опрема (промена на,столарија,дел од подови, донација на компјутери,направена дел од фасада и сл.)

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основно `образование.

Резултатите од Самоевалуацијата, детално да се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, активностите и конкретните цели истите се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со Локалната самоурава, Бизнис секторот од општината.

Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

## 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, вклучени во разните тимови се вклучени во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето

.

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел.

Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр.01-673/1 од 20.11.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето од 15.08.2022 година заведена со дел.бр.01-409/1

Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и делумно јасно отсликани и сите се опфатени, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики не е подеднакво застапено по години. Потребно е подолготрајно планирање на активностите во континуитет. Училиштето има изготвено ревидирање на Програмата за развој на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. Директорот на училиштето ги

познава законските прописи за јавните набавки. Планот за јавни набавки за 2023 година е донесен на 26.01.2023 год со арх.бр.01-82/1

За учебната година, јавната набавка за помошен матерјал, нагледни стредства за училиштето за осовременување на наставата се спроведени и истите се согласно законот за јавни набавки.

Училиштето има документ – програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници , која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници , наставни помагала), за сите ученици, како во Централното,така и во Подрачното училиште.

Училиштето според потребите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

## 8. Наоди и препораки

### 8.1. Јаки страни

- Добро организирани хуманитарни акции за социјално загрозени ученици;
- Педагогот во училиште прибира и анализира податоци за постигањата на учениците според пол по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување;
- Училиштето располага со комплетни податоци за постигањата, редовноста и поведениеto на учениците, по квалификациони периоди;
- Учениците од училиштето учествуваат во еколошки проекти во рамките на училиштето и општината;

### 8.2. Слаби страни

- ИКТ-технологијата не е осирурана;
- Во централното и подрачното училиште нема услови за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование во зимски период;
- Распоредот на работното време во бибилотеката не одговара според решениата за распредба на часовите на настаставниците за учебната 2023/2024 година
- Училишен спортски клуб „ТРКАЛО“ со Решение е избришан во надлежниот регистар.

- Училиштето не изготвува распоред за дополнителна и додатна настава на неделна основа;
- Учениците од Ученичкиот парламент, не се поканувааат на состаноците на Училишниот одбор;
- Нема изградено пристапна рампа за хендикепирани лица

### 8.3. Препораки

- Да се осигура ИКТ-технологијата;
- Да се обезбедат услови за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование во централното и подрачното училиште во зимски период;
- Училиштето да регистира Училишен спортски клуб (член 43 од Законот за основно образование);
- Училиштето да изготвува распоред за дополнителна и додатна настава на неделна основа;
- Да се изгради пристапна рампа за хендикепирани лица;
- Да се усогласи распоредот во училишната библиотека,според решенијата за распределба на часовите ;
- Претставници од Ученичкиот парламент ,редовно да се поканувааат на седници на УО;

## Тим на државни просветни инспектори

**1. Дејан Доневски, раководител на тим ________________________**
**2. Зоранчо Горгиев , член ______________________________________**
**3. Сузана Секуловска, член ________________________**